# Програма за вложување во ризичен капитал (ПВРК) II

Локација:
Регионално

Број на проект:
50118

Деловен сектор:
Информациски и Комуникациски Технологии

Вид на објава:
Приватна

Еколошка категорија:
FW

Датум на разгледување на Борд:
23 мај 2018

Статус:
**Прелиминарен**

Објава на Резимето на проектот на англиски јазик:
24 април 2018

## Опис на проектот

ЕБОР, преку Програмата за вложување во ризичен капитал (ПВРК) II, која е продолжение на постоечката ЕБОР ПВРК I, и изнесува €100 милиони, планира да инвестира во рана фаза или фаза на раст на технолошките компаниите, преку акционерски влог или инструменти поврзани со акционерски влог (инвестиција во максимален износ од €15 милиони) во земјите каде Банката има свои канцеларии, заедно со искусни ко-инвеститори во ризичен капитал. Инвестициите се наменети за мали и средни иновативни компании со силен раст, кои воглавно не се поддржани од заедницата на ограничен ризичен капитал, за да помогнат да се пополни јазот од инвестирање во акционерски влог во ризичен капитал кој е присатен на пазарот.

## Цели на проектот

i) ПВРК овозможува Банката да ги зајакне стопанствата во регионот, да развие технолошки еко-системи и да ја поддржи иновацијата; ii) Банката преку ПВРК игра важна улога во премостување на финансискиот јаз на финансирање на ризичен капитал кој постои во регионот; iii) ПВРК и дозволува на Банката да одржи портфолио пристап до висок ризик/ висок поврат на инвестициските можности.

## Влијание врз транзицијата

Се очекува ПБРК II да придонесе кон конкурентни и силни транзициски квалитети, бидејќи ќе го поддржува развојот на скоро основаните, високо иновативните технолошко базирани компании, и ќе промовира подобар пристап до ризичен капитал, кој е сеуште во зародиш во регионот. ПБРК II ќе се надградува на успесите на ПБРК I и ќе даде клучна поддршка за развој на економијата на знаење во овој регион, каде ЕБОР инвестира, заедно со ЕБОР Иницијативата за економија на знаење, особено во Дел 3- Мали технолошко базирани компании.

## Информации за клиентот

Од случај на случај.

## Финансирање на ЕБОР

EUR 100,000,000.00

## Вкупна вредност на проектот

EUR 100,000,000.00

## Еколошко и социјално резиме

Самата Програма не е категоризирана под Еколошката и социјалната политика на Банката од 2014 година. Независно од овој факт, секој под-проект ќе биде категоризиран од случај до случај и ќе биде предмет на индивидуална еколошка и социјална проценка (ЕСП) и ГЕТ проверка, која е специфична за проектот и за клиентот. Врз основа на под-проектната категорија, соодветно ЕСП ќе верификува дека секој под-проект е структуиран согласно правилата за финансирање на Банката.

## Техничка соработка

Нема.

## Контакт информации за компанијата

Бакхром  Ибрагимов
телефон:+44 207 338 6000

# Деловни можности

За бизнис можности или набавки, контактирајте ја компанијата клиент. За проекти на Банката со државата,  проверете на Набавки на ЕБОР: Телефон: +44 20 7338 6794, електронска адреса: procurement@ebrd.com

# Општи прашања

За прашања околу проект на ЕБОР, кои не се поврзани со набавка:
телефон: +44 20 7338 7168
електронска адреса: projectenquiries@ebrd.com

# Политика на јавно информирање (ПЈИ)

ПЈИ пропишува како ЕБОР ги објавува информациите, како се консултира со соработниците за да промовира подобро познавање и разбирање на стратегиите, политиките и проектите. Ве молиме отворете го линкот од веб страницата, за Политиката на јавно информирање (на линкот даден подолу) за да дознаете како можете да побарате Извештај за јавниот сектор од Бордот.
Текст на ПЈИ

# Механизам на приговори за проектот (МПП)

Механизам на приговори за проектот (МПП) е механизам на одговорност на ЕБОР. Тој дава можност за независна ревизија на приговорите добиени од поедници и организации, поврзани со проектите финансирани од ЕБОР, кои се претпоставува дека предизвикале, или има веројатност да ќе предизвикаат, еколошка и/или општествена штета.

Ве молиме посетете ја страницата на Механизам на приговори за проектот за да добиете повеќе информации за доставување на приговор. Службеникот за МПП (pcm@ebrd.com) може да Ви одговори на било кое прашање поврзано со доставување на жалба или околу критериумите за регистрација и квалификување, согласно со МПП Правила на процедурата.